РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-27
31.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**До:**

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитувана

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ја разгледа Вашата претставка (наш УПП бр. 03 - 27 од 20.10.2025 г.) во којашто го изразувате своето незадоволство од програмската понуда на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, особено од репризните емисии емитувани на 18 октомври 2025 година, и во која прашувате дали постојат законски обврски за емитување нови и оригинални емисии/серии и за бројот на репризи.

Би сакале да Ве информираме дека уредниците, новинарите и другите автори во радиодифузерите се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика (согласно член 47-а став 1 алинеја 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Прашањата поврзани со изборот на програмата во смисла на нејзиниот квалитет, денот и времето на емитување, бројот на репризи и слично, е целосно во рамки на нивната независна уредувачка политика.

Медиумите имаат обврска да се придржуваат до програмските концепти за којшто ги добиле дозволите за емитување, кој се достапни за јавноста на веб страницата на Агенцијата во посебниот банер „РА и ТВ", меѓутоа, концептите се однесуваат на структурата на програмата по видови и застапеност на медиумските функции (информативна, забавна и образовна) што ги исполнуваат програмите, а не на тоа кои конкретни содржини ќе бидат емитувани. Досегашните надзори врз ТВ Канал 5 покажуваат дека медиумот е во рамки на концептот, односно дека структурата на неговата неделна програма е во рамки на барањата за *програмски сервис со претежно забавен општ формат,* за којштo има добиено дозвола за емитување.

Медиумите немаат законски обврски за емитување нови и оригинални емисии/серии, ниту пак ограничувања за бројот на репризи. Колку пати некои содржини ќе бидат репризирани зависи исклучиво од склучените договори на медиумите со имателите на права за конкретните програми.

Што се однесува до големиот број репризирани содржини на 18 октомври 2025 година, би сакале да дополниме дека тоа се должи на тоа што тогаш беше изборен молк за првиот круг од Локалните избори, кога медиумите во согласност со своите кадровски и технички капацитети ја прилагодуваат својата програма за да не го прекршат молкот, односно забраните за емитување одредени содржини утврдени во Изборниот законик.

Инаку, Агенцијата се согласува со вас дека на сите медиуми генерално недостига нова, оригинална и квалитетна програма, и се залага за воведување законски решенија со кои ќе им се помогне да создаваат програми, конкретно преку формирање на медиумски фонд за поттикнување на домашната продукција, но дали тоа ќе се случи е во надлежност

на Министерството за дигитална трансформација, Владата, и Собранието, како институции кои предлагаат и носат закони.

Ви благодариме за претставката, за неа, секако во анонимизирана форма, ќе биде известена и ТВ Канал 5.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**